Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
О М В U D S M А N
Republic of Macedonia

ул. Димитрие Чуповски бр. 2 1000, Скопје
тел./факс 023129335 ;
email: ombuds@mt.net.mk; contact@ombudsman.mk

НП бр.2871/09
04.11.2009 год.
Скопје

Прва детска амбасада во светот
Мeѓаши
Република Македонија
Бр. 09-3215-01
11.11. 2009 год.
Скопје

До
**Прва детска амбасада во светот,,Меѓаши,,**

**С к о п ј е**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

По повод Вашата претставка до Народниот правобранител во која наведувате дека повеќе од 100 (сто) лица од ромска националност биле сместени во детското одморалиште „Љубанци" во Скопска Црна Гора без да им бидат обезбедени основни услови за живеење, односно дека во просториите во кои биле сместени ромските семејства немало греење и повеќе од 60-тина од споменататите лица биле деца кои покрај задолжителниот карактер на основното и средното образование не оделе во училиште, односно не биле вклучени во образовниот процес ниту пак користеле основна здравствена заштита затоа што во одморалиштето немало лекарска служба која би можела да им даде таква услуга, Ве известуваме дека со цел утврдување на фактичката состојба и правилно и објективно постапување Народниот правобранител на 02.11.2009 година изврши увид во Детското одморалиште - Љубанци при што од увидот, извршениот разговор со управникот и со сместените лица во најголем дел беа потврдени изнесените наводи.

Имено, Народниот правобранител утврди дека се работи за 86 возрасни лица (тука се опфатени и децата над 2-годишна возраст) и 12 деца до двегодишна возраст, кои претходно биле сместени во Катланово, потоа во Чичино село, а од 25.09.2009 година се сместени во наведеното одморалиште.

При увидот во просториите (собите) и во разговор со бездомните лица Народниот правобранител утврди дека во одморалиштето не се создадени услови за нормално живеење, односно внатрешноста на објектот, а и самите соби во кои се сместени наведените лица се стари со поплочени, но оштетени подови, ѕидовите се голи, прозорите во некои од собите не се затвораат добро, а во просториите освен по некој стар кревет и ормар нема друг инвентар или мебел.

Исто така утврдено е дека во објектот, како ни во собите каде се сместени овие лица нема греење. За разлика од некои од сместените лица кои се снабдиле со греалки, повеќето се без греење, но и без соодветна топла облека, особено децата кои денот го поминуваат седнати на студениот под прекриен со по некое ќебе.

Во однос на хигиената Народниот правобранител утврди дека за неа требало да се грижат лицата сместени во објектот, која за жал е на многу ниско ниво, со расфрлени остатоци од храна, собрано ѓубре пред вратите и со неподнослива миризба.

Поголемиот дел од лицата со кои е разговарано изразија мислење дека храната е добра, но имаше и такви кои сметаат дека храната која им се носи има горчлив вкус, сувоместатите работи биле недоволни и мирисале и според нив биле многу често давани наместо друг вид храна.

Скоро сите лица се пожалија затоа што млеко им се давало само на децата до 2-годишна возраст, но не и на другите деца, а поради студеното време многу од децата се разболеле, но не можеле да користат здравствени услуги, затоа што немале потврди или решенија за сместување во Љубанци. Според кажувањето на сместените лица нивните решенија се уште се однесувале за сместување во Чичино село, а според управникот решенијата за сместување на овие лица во Љубанци биле во фаза на изготвување во Министерството за труд и социјална политика.

При увидот Народниот правобранител меѓу сместените лица утврди дека има штотуку породена жена со едномесечно бебе, а две други се пред породување, а во однос на образованието дека ниту едно од децата не оди во училиште.

Народниот правобранител во рамките на овластувањата кои произлегуваат од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ" бр. 60/03), меѓу другото се грижи за заштита и остварување на правата на децата и во тие рамки за обезбедување соодветна заштита на правата и најдобриот интерес на децата, односно се залага за почитување и заштита на овие права.

Според Конвенцијата за правата на детето државата како потписничка има обврска да се грижи во сите активности кои се однесуваат на децата од примарно значење да биде најдобриот интерес на децата.

Во тој контекст на секое дете државата му го признава правото на животен стандард адекватен со физичкиот, менталниот, моралниот и општествениот развој на детето и во таа насока презема соодветни мерки за помош на родителите и на други лица одговорни за детете особено поради остварување на ова право и во случај на потреба, да обезбедува материјална помош и програми за поткрепа во поглед на исхраната, облеката и живеењето.

Државата му го признава правото на детето на образование и со цел постепено остварување на ова право врз основа на еднакви можности меѓу другото треба да презема мерки за поттикнување на редовното посетување во училиштата и за намалување на испишувањето од училиштата, и подготвување на детето за одговорен живот во слободно општество, во духот на разбирањето, еднаквост на половите и пријателство со другите етнички, национални и верски групи.

Тргнувајќи од најдобриот интерес на детето треба да им се обезбеди највисоко ниво на здравствена заштита, меѓу другото и при исхраната, при што

родителите и децата треба да бидат информирани за основните знаења за здравјето и за исхраната на детето.

Имајќи го предвид изнесното, согласно член 24 и 32 од Законот за народниот правобранител, Народниот правобранител побара да биде известен кои мерки ги презема Министерството за надминување на проблемот со кој се соочуваат овие лица, при што укажа на потребата да се преземат мерки за обезбедување соодветено живеалиште на овие лица, односно сместување во објекти во кои ќе бидат создадени нормални услови за живеење, особено за децата и во тој контекст да се преземат мерки за решавање на прашањето со греењето, исхраната, непреченото користење на здравствени услуги, како и да се создадат поволни услови децата сместени во одморалиштето да одат на училиште, односно да се опфатат во образовниот процес.

За натамошно преземените мерки од страна на Народниот правобранител по претставката ќе бидете известени дополнително.

**ВБМ**

**ЗАМЕНИК**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**Невенка Крушаровска**